Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на ден од дневни настани 01.10.2020

На 30.09.2020 во 17.50 часот, полициски службеници од СВР Скопје на бул. „Кузман Јосифоски-Питу" го лишиле од слобода Х.Б.(29) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена бела прашкаста материја. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 30.09.2020 во 17.20 часот, полициски службеници од СВР Скопје во близина на Катланово го лишиле од слобода М.Ѓ.(25) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 30.09.2020 во 23.35 часот, полициски службеници од СВР Скопје на ул. „Методија Андонов-Ченто", кај клучка Ченто, извршиле преглед кај С.М.(26) од с.Сингелиќ, скопско, при што пронашле нож. Тој бил приведен поради сомнение за сторен прекршок од Законот за оружје. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 30.09.2020 во 16.40 часот, полициски службеници од СВР Скопје на ул. „Коце Металец" извршиле преглед кај Ј.Х.(39) од Скопје и пронашле нож. Тој бил приведен поради сомнение за сторен прекршок од Законот за оружје. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок

На 01.10.2020 во 03.50 часот на Граничен премин „Табановце", полициски службеници го лишиле од слобода К.С.(48) од Скопје, кој на СТОП-Листа бил регистриран дека е предмет на потрага за издржување на казна затвор. Лицето е предадено на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

На 30.09.2020 во 10.40 часот во Полициската станица Центар, В.З.(55) од Скопје пријавила дека на ул.„Мирче Ацев" била касната од куче скитник.

На 30.09.2020 во 19.20 часот било пријавено дека на крстосница од ул. „Алија Авдовиќ" и ул.„Христофер Жефаровиќ" во Скопје се случила сообраќајна незгода во која учествувале работна машина за сечење дрва, управувана од С.С.(65) од Скопје и мотоцикл „бмв", со швајцарски национални ознаки, управуван од Р.Ш.(29) од Скопје. На местото на незгодата починал С.С., а со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Со телесни повреди се здобил 16-годишен сопатник од работната машина, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид на местото на незгодата од Јавен обвинител и увидна екипа од СВР Скопје.

На 30.09.2020 во 12.00 часот во Полициската станица Аеродром, Ѓ.М.(57) од Скопје пријавил дека на ул.„68" бил каснат од куче скитник.

На 30.09.2020 околу 20.50 часот во близина на крстосницата на улиците „107" и „Благоја Тоска" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода Е.Н.(22) од Република Албанија, кој непријавено престојувал на подрачјето и кај кого биле пронајдени нож и метален боксирач. Тој бил задржан во Полициската станица Тетово за натамошна постапка и ќе му бидат изготвени поднесоци согласно Законот за странци и Законот за оружје.

На 30.09.2020 околу 15.30 часот на ул.„Рудничка" во Кичево, при преглед на моторно возило ЦИП „Широки", со кичевски регистарски ознаки, управувано од Д.К.(48) од Кичево, полициски службеници пронашле и одзеле нож. По целосно документирање на случајот, ОВР Кичево ќе поднесе соодветна пријава.

На 30.09.2020 во 19.20 часот на ул.„Браќа Ѓиновски" во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар го привеле Д.Х.(27) од Република Албанија, кој непријавено престојувал на подрачјето. Тој бил задржан во Полициската станица Гостивар за натамошна постапка.

На 30.09.2020 во 16.45 часот, полициски службеници од Полициската станица Штип ги лишиле од слобода Ф.И.(31) и Ј.М.(17), двајцата од Штип, поради постоење основи на сомнение дека се извршители на кривични дела „кражба" на подрачјето на Штип.

На 30.09.2020 во 14.15 часот во СВР Тетово, И.Ш. од с.Градец, гостиварско, пријавил дека околу 12.45 часот во с.Добридол, гостиварско, З.М.(46) и Н.Ј.(56) од ова село му се заканувале и се однесувале агресивно кон него. Двајцата биле лишени од слобода и задржани во Полициското одделение Галате за расчистување и документирање на случајот.

На 30.09.2020 околу 20.10 часот на ул.„Никола Парапунов" во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово – Одделение за внатрешни работи Гостивар лишиле од слобода 17-годишник, исто така од Гостивар, поради сомнение дека пуштил во оптек фалсификувана банкнота од 50 евра. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.09.2020 во 18.00 часот во Полициската станица Аеродром, С.С.(56) од Скопје пријавил дека од домот се оддалечил неговиот син М.С.(22). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 01.10.2020 во 02.25 часот во СВР Скопје, М.Ц.(44) од с.Крушопек, скопско, пријавил дека на 30.09.2020 околу 23.00 часот во казино на бул. „Метрополит Теодосиј Гологанов" бил физички нападнат од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.09.2020 околу 14.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул. „Војдан Чернодрински", по претходна расправија, настанала физичка пресметка помеѓу Р.Д.(51) и Г.А.(48), двајцата од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.09.2020 околу 17.45 часот во СВР Скопје, А.К.(28) од Скопје пријавил дека околу 17.30 часот на ул.„Атанас Разделов" бил физички нападнат од В.Н. и М.Н. од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Во СВР Скопје бил лишен од слобода Г.В.(55) од Скопје, поради сомнение дека на 29.09.2020 физички нападнал и извршил обљуба врз 46 - годишна скопјанка. Се работи на целосно расчистување и документирање на случајот, по што ќе следи соодветен поднесок.

На 30.09.2020 околу 08.45 часот на бул.„Борис Трајковски" во Скопје се случила сообраќајна незгода помеѓу комбе сопственост на МВР , управувано од Ѓ.Н.(46) од Велес и патничко возило „фолксваген голф", со скопски регистарски ознаки, управувано од З.М.(49) од Скопје. Во незгодата, со повреди се здобила сопатничката од возилото „фолксваген голф", Х.Т.(48) од Скопје. Увид на местото на незгодата извршила увидна екипа од СВР Скопје.

На 30.09.2020 околу 07.00 часот во Полициската станица Кавадарци, М.Т.(29) од Кавадарци пријавил дека на ул.„Народна младина" бил каснат од куче домашен миленик. Против сопственикот на кучето ќе биде поднесена соодветна пријава.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против М.А.(63) од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено криивчно дело „бесправно градење". Тој, во сврзство на сопственик на катарстарска парцела во нас.Калишта, без соодветно одобрение и спротивно на основниот проект, започнал со изградба на викенд куќа. Од извршениот инспекциски надзор, донесено е решение со кое на инвеститорот му се наложува да отстрани дел од започнатата градба.

На 30.09.2020 во 11.10 часот во СВР Скопје, Г.Б.(55) од с.Јурумлери, скопско, пријавила дека на ул.„Филип Втори Македонски" била касната од куче скитник.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Ј.И.(36) и Б.Ц.(27) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста". На 08.09.2020 влезот во езеро Треска пријавените се однесувале агресивно и се заканувале на полициски службеник кој извршувал службени дејствија.

Полициски службеници од СВР Скопје - ЕВР Аеродром и Драчево ги привеле Е.Б.(22), М.Д.(25) и А.Д.(31), сите од село Елово, поради основано сомнение дека на 24.09.2020 се обиделе да извршат тешка кражба во живинарска фарма во с.Маркова Сушица, сопственост на Р.Р. од село Батинци, при што со употреба на погоден предмет се обиделе да ја исечат металната конструкција од шталата. Со нив бил извршен разговор, а по целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против А.В.(20) од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 22.09.2020 на крстосница од бул.„Туристичка" и ул.„АСНОМ" во Охрид, полициски службеници извршиле контрола во „патничко возило во кое пријавениот бил сопатник и при преглед кај него била пронајдена марихуана. На него му била одредена мерка притвор до 30 дена.

На 30.09.2020 околу 16.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Копаница, скопско, 16-годишник од с.Бојане, скопско, бил повреден со огнено оружје. Тој бил пренесен во Комплекс клиники „Мајка Тереза" за укажување помош, а во врска со настанот од слобода бил лишен 16-годишник од с.Копаница, скопско, за кој било пријавено дека пукал во куче, но го погодил малолетникот. Пиштолот бил пронајден и се преземаат мерки за расчистување на настанот и утврдување на причините за пукањето.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против М.М.Ш.(40) од с.Велгоште, охридско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 11.08.2020 полициски службеници извршиле контрола во домот на пријавената дали се придржува до мерката за задолжителна изолација, но таа не била затекната таму.

СВР Штип поднесе кривична пријава против В.П.(54) од Штип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 03.06.2020, полициски службеници извршиле контрола во домот на пријавената, каде требало да биде во изолација, но таа не била затекната дома.

МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет